Trainee Development - Platinum

Оглас за Постар соработник во сектор сметководство

Сакаш да бидеш дел од професионален тим каде што твоето знаење и работа се ценети? Кај нас ќе имаш можност да работиш со различни компании и индустрии, да преземаш одговорност и да придонесуваш во реални деловни процеси.
Ако си организиран/а, одговорен/на и уживаш во работата со бројки – можеби токму тебе те бараме.

Друштвото за ревизија **РСМ МАКЕДОНИЈА** е дел од RSM International, моќна мрежа на ревизорски, даночни и консултантски експерти со канцеларии низ целиот свет. Со над 40 професионалци подготвени сме да му одговориме на секој предизвик со кој се соочуваат нашите сегашни и идни клиенти и партнери.

Твоите одговорности ќе вклучуваат:

- Вршење на оперативни работи поврзани со сметководство – книжење и организирање на документи од клиентот;
- Изработка на годишни сметки;
- Изработка на обрасци кои се поднесуваат до надлежните институции (ДДВ пријави, ДБ, НД и сл.);
- Изработка на извештаи;
- Вршење на мониторинг и контрола на книжењата на документите;
- Комуникација со даночни инспектори, согласно насоки од надредените;
- Постапување согласно Програмата за самоконтрола на книжење.

Потребни квалификации:

- Завршено високо образование – Економски факултет (насока Сметководство и ревизија ќе се смета за предност);
- Повеќе од 3 години работно искуство во областа на сметководството;
- Тимски дух, одлични комуникациски вештини и аналитичен пристап;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Одлично познавање на MS Office, особено MS Excel;
- Работа во куси временски рокови;
- Умешност да се работи со голем обем на информации.

Што нудиме:

- Менторство и поддршка од искусни професионалци;
- Позитивна, соработувачка и мотивирачка работна средина;
- Можност за професионален развој и напредок;
- Континуирани обуки и усовршување;
- Флексибилно работно време – почеток на работа меѓу 08:00 и 09:00 часот.

Заинтересиран/а си? Испрати ја твојата професионална биографија на: hr@rsm.mk, со назнака „За работно место: Постар соработник во сметководство “.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

*Со аплицирање на оваа работна позиција, се согласувате Друштвото да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Друштвото за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на hr@rsm.mk.